# ПРАВИЛА
# ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАБЉУДУВАЧИТЕ

Правилата за однесување на набљудувачите се збир од усвоени начела по кои треба да се раководат набљудувачите во својата работа. Тие се во согласност со општите начела на етиката и на веќе прифатените и развиени начела на однесување на набљудувачите од други земји.

## Однос на набљудувачите кон различни субјекти во постапката

- Набљудувачите се должни да ја носат на видливо место истакната легитимацијата.
  Не е дозволено вршење на набљудување во име Коалицијата, без легитимација, издадена од истата.

- Набљудувачите се должни да го штитат угледот на Коалицијата.

- Набљудувачите се должни према судиите и судиите поротници да се однесуваат со респект, никаде јавно да не дискутираат за нив, да не коментираат и не ги критикуваат.

- Кон странките, набљудувачите, потребно е да имаат резервирано однесување, без покажување на мислење и чувства, без било какво омаловажување или навреда или симпатии.

- Не е пожелно остварување на блиски контакти со адвокати или полномошници вклучени во постапката, освен оние неопходни за прибирање на податоци важни за предметот.

## Подготвеност

- Во случај на спреченост набљудувачите се должни благовремено, односно веднаш по дознавање за причините за спреченост , да го извести регионалниот координатор, за да истиот има доволно време да се определи друг набљудувач на нивно место.

- Набљудувачите покрај доброто познавање на домашното право, мораат да ги познаваат одлично и меѓународните стандарди за фер судење.

- Набљудувачите мораат да бидат подготвени за предметот кој го набљудуваат. Имено, нивна обврска е да се запознаат со податоците за случајот колку што е возможно подобро, односно да ги прочитаат

претходните прашалници доколку се работи за предмет кој подолго време се следи.

**Однесување во судница**

- Набљудувачите  пред да започнат со набљудување, должни се на судијата да се претстават себе си и Коалицијата”Сите за правично судење”.

- Набљудувачите треба да имаат  неутрална позиција од аспект на местото на кое седат во салата за судење/судската канцеларија. Доколку судијата претходно не го одреди местото пожелно е набљудувачите да не седат или стојат до ниедна од странките или нивните адвокати, за да не се доведе во прашање нивната објективност.

- Во ниеден случај набљудувачите не смеат да го реметат   судењето, ниту на било кој начин да покажат вмешаност односно пристрасност.

**Пополнување и достава на прашалникот**

- По завршување на мониторингот, набљудувачите се должни да ги средат забелешките што биле нотирани во нивните нотеси и да го пополнат прашалникот во најкус можен рок, со објективни, јасни, прецизни и исцрпни одговори. Доколку податоците биле добиени од странки, адвокати, вешти лица и др. тогаш во прашалникот задолжително мора да се наведе изворот - од кој потекнуваат.

- Пополнетиот и потпиешан прашалник набљудувачите веднаш го доставуваат до регионалната канцеларија и притоа се ставаат себеси на располагање за евентуални  појасненија , доколку од тоа има потреба.

**Доверливост на податоците**

- Набљудувачите се должни да ги чуваат како доверливи податоците добиени од набљудувањето. Без претходна дозвола од Управата на Коалицијата, ниеден документ не смее да се достави  надвор од Коалицијата ниту пак смее да се коментира или објаснува во врска со набљудуваните предмети.

- Набљудувачите не смеат да даваат изјави или било какви информации во врска со конкретни предмети за медиумите, а доколку такво нешто биде побарано од нив, треба претставниците на медиумите да ги упатат до регионалниот координатор кој понатаму ќе ги насочи до портпаролот на Коалицијата или до лице кое ќе го одреди националната канцеларија на Коалицијата

**Однос кон граѓаните**

- Коалицијата по правило не постапува по иницијатива на граѓани, но имајќи го во предвид нивниот интересот за истата, може реално да се очекува тие да се обраќаат до набљудувачите и да бараат набљудување на судења за кои тие се заинтересирани. Во тој случај обврска на набљудувачите е граѓаните да ги упатат на разговор во регионалната канцеларија.

**Конфликт на интереси**

- Набљудувачот ќе се изземе од набљудување на одреден предмет доколку набљудува судење по предмет во кој се испостави дека има личен интерес, доколку со странките во постапката е во лични, семејни, партиски или друг вид врски или односи  или пак бил инволвиран како адвокат во постапката, во било кое време, фаза или инстанца. Набљудувачот е должен да ја извести регионалната канцеларија и тоа веднаш по дознавање за постоење на однапред наведените причини за изземање, како би се обезбедило доволно време за одредување друг набљудувач на негово место. Неизвестувањето на локалниот цоординатор за погоре изнесениот конфликт на интереси резултира со исклучување на набљудувачот од набљудувачкиот процесс.

**Мерки при сторена повреда на правилата**

На набљудувачот кој нема да се придржува кон правилата, ќе му биде одземена набљудувачката легитимација и ќе биде исклучен од мрежата на набљудување.

Скопје 24.12.2004